**ГАМА ГРАДБА** ДООЕЛ
Скопје

| Примено: | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. | Број | Прилог | Вредност |
| | | | |

03-04
03.02.2015

# ДОГОВОР
За собирање на комунален цврст отпад

Помеѓу:

1. ЈКП „Студеничани" со седиште ул 1. бб студеничани - , претставувано од Директорот Сами Рушиди како давател на услугата од една страна ( во понатамошниот текст-давател на услугата ) и

2. Гама Градба Дооел од Скопје Љубош - Студеничани
Л.К.________________ ЕМБГ 4030007620048 како корисник на услугата ( во понатамошниот текст-корисник на услугата ), од друга страна.

Член 1

## ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

Предмет на овој договор е давање на услуга и доделување на канта, набавени од страна на Општина Студеничани, која давателот на услугата ја дава на корисникот.

Член 2

## ПРАВА И ОБВРСКИ НА ДОГОВРНИТЕ СТРАНИ

Давателот на услугата му доделува на корисникот на услугата канта, на користење односно собирање на комунален цврст отпад од домаќинствата.и на мали и големи претприатиа.

Член 3

Корисникот на услугата се обврзува редовно да ги плаќа сметките према давателот на услугата и во утврден термин да го изнесе отпадот спремен за собирање и предавање на давателот на услугата.

Член 4

Корисникот на услугата спрема предметот што го добил од давателот, треба да се грижи како добар домаќин за квалитетно чување, употреба и одржување во секојдневна исправна состојба.
Корисникот на услугата може во предметот да го става следниот вид на отпадоци: отпадоци од храна, градинарски, овошни и други земјоделски култури, хартија, картонска амбалажа, крпи, стаклени, порцелански, кожни, пластични, гумени и на нив слични неопасни отпадоци, во рамките на капацитетот на предметот.

Член 5

-Корисникот на услугата во предметот (кантата) не смее воопшто да става жар и слични недогорени запаливи отпадоци од кои може да настане трајно оштетување на предметот.

Член 6

ЦЕНА И НАЧИН НА ПЛАЌАЊЕ

За извршената услуга се плаќа надомест врз основа на Ценовникот за вршење на комунални услуги

Корисникот на услугите на ЈКП "студеничани", своите обврски може да ги подмири во готово преку инкасаторот, или со уплатница на:

Корисник: ЈКП "студеничани" – студеничани
Жиро сметка: 300000001777949
ЕДБ: 4030002489806
Депонент: Комерцијална Банка 1000 ден.

Член 7

Ако обврската предвидена во член 6, не биде исплатена во утврдениот рок корисникот е согласен да овој договор претставува извршна исправа по која може ЈКП студеничани да постапува согласно Законот за извршување.

Корисникот се согласува спроведувањето по извршувањето, да се спроведе преку надлежен извршител и ги плати сите такси по извршувањето.

Член 8

ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Во случај на евентуален спор, договорните страни истиот ќе го решаваат на спогодбен и мирен начин.

Доколку не се реши спорот по мирен пат, надлежен за решавање на истиот ќе биде Основниот суд Скопје-2.

Член 9

За сето она што не е регулирано со овој договор, ќе се применуваат одредбите од Законот за облигациони односи и другите позитивни прописи кои ќе ја регулираат материјата што е предмет на овој договор.

Член 10

Овој договор е направен во 2 (два) еднакви примероци, по 1 (еден) за секоја договорена страна.

Овој договор влегува во сила со денот на потпишувањето.

Корисник на услугата

Давател на услугата
ЈКП СТУДЕНИЧАНИ
Директор
Сами Рушиди